886.6(091):929(049.3)

Васил ТОЦИНОВСКИ

## ЗБОРОТ КУРШУМ И ДИНАМИТ. АТАНАС РАЗДОЛОВ, СКОПЈЕ, 1990, 242 с. 8°

Во издание на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ од Скопје, излезе од печат научниот труд на д-р Васил Тоциновски, под горниот наслов, посветен на животот и делото на познатиот македонски револуционер и публицист Атанас Раздолов. Трудот содржи 242 страници текст и 10 страници илустрации и факсимили. Поделен е на неколку поглавја: Вовед, Македонија од крајот на XIX и почетокот на XX век (13—30), Животот и творечките врвици на Атанас Раздолов (1872—1931) (31—116), Литературното дело на Атанас Раздолов (117—166), Новинарско-публицистичкото дело (167—192), Светот на идеите на Атанас Раздолов (193—223), Заклучок (224—226), Литература (227—231), Резиме на француски јазик (233—237)) и Показалец на имињата (239—242), којшто во голема мера го олеснува користењето на книгата.

Во првото поглавје: Македонија од крајот на XIX и на почетокот на XX век, е даден пресек на општествените и политички прилики во Македонија и е претставена појавата и развитокот на македонското националноослободително движење, што прокламира за цел на своето револуционерно дејствување: „борба за независност и за посебна државност“. Притоа авторот укажува и на социјалната основа на движењето.

Прашањето за развивањето и ширењето на револуционерна пропаганда на Македонската револуционерна организација е третирано како едно од суштествените прашања. Во врска со тоа се разгледува појавата, ширењето и улогата на револуционерниот печат. Атанас Раздолов се појавува како еден од најангажираните и најдоследни револуционери и публицисти. Тој со својата револуционерна мисла и акција, со активноста и пишувањето во револуционерните весници и бројните одделни револуционерни публикации, со настапите на јавните трибини, расправи и митинзи ќе стане општо познат и признат не само во круговите на македонските национални и революционерни дејци и кај широките народни маси. Во сите негови текстови, во целокупното негово творештво е доминантна национално-револуционерната тема. Единствена тема којашто, според констатацијата на Тоциновски, „од почеток до крај ја исполнува целовитоста на неговото творештво“. Кон тоа уште додава дека делото на Раздолов „извира длабоко од срцето и свеста како изјасната македонска позиција што отворено и бунтовно ги одразува авторовите револуционерни идеи, толку потребно и мокно оружје во организираната борба на македонскиот народ за негова политичка, национална и социјална слобода“. Според пишувањето на Раздолов оружената борба е бескомпромисна и дека таа е „единствениот пат што води до ослободување на Ма-

кедонија". Заговарал перманентна националноослободителна и социјална револуција што за тоа време, според оценката на Тоциновски, „претставуваше нов квалитетен момент во учењето на македонската теорија за револуцијата". И дека тој целиот свој живот и творечки век ќе го посвети во одбрана на независноста и самостојноста на македонската револуција. Најостро ги осудувал надворешните мешања во светото дело на Македонија и мешањето на владите на балканските монархии, притоа особено на бугарската влада" којашто предначи пред сите". Тој бил отворен и огорчен противник на корумпираниот Врховен комитет во Софија во служба на завојувачката политика на бугарската држава и кнезот. Беспоштедно ги критикувал и разобличувал тие и такви Македонци и нивното ставање во служба на туѓи интереси појава што ја жигосувал како „најголемо зло и пречка за успех на ослободителното дело на македонскиот народ". Повикувал на единство во борбата за национална слобода и создавање на самостојна држава, како „света должност на секого, свет долг и завет кон својот народ и таковината". Со своите револуционерно-демократски становишта Раздолов го свртел вниманието на идеологот и стратегот на МРО Гоце Делчев. И, како што посебно потенцира д-р Васил Тоциновски, „не случајно ќе стане негов прв соработник".

Определувајќи го местото на Атанас Разделов и неговото дело во историјата на македонскиот народ, авторот со право констатира дека тој спаѓа во редот на „најистакнатите и најзаслужни револуционери и публицисти" од крајот на XIX и почетокот на XX век, кој целиот свој живот и своето дело „исцело и пожртвувано ќе го посвети на борбата на својот македонски народ за слобода и независен државен живот".

Предметниов труд на д-р Васил Тоциновски претставува најкомплетна и најкомплексна студија за животот и делото на големиот македонски национален револуционер, поет и публицист, неодменлива при проучувањата на македонското национално ослободително движење од илинденскиот период, македонскиот револуционерен печат и македонската политичка и социолошка мисла.

Михајло МИНОСКИ